**Друштво за осигурување**
**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД НЕПРЕДВИДЕН ПРЕКИН НА РАБОТА НА ПОВРЗАНИ ДЕЈНОСТИ

Ознака: ДУС-пр-пд-12.25
Број: 1101-45845
Примена: 01.12.2025 година

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

[1] Условите за осигурување од опасност од прекин на работа и овие Дополнителни услови за осигурување од непредвиден прекин на работа на поврзани дејности (во натамошен текст: **,,Дополнителни услови,,**), се составен дел на договорот за осигурување, што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Халк Осигурување АД Скопје; (во натамошен текст: **,,осигурувач,,**).

**ПОВРЗАНИ ДЕЈНОСТИ**
**Член 1**

Согласно овие дополнителни услови за осигурување **,, поврзаните дејности,,** можат да бидат:
[1] **Снабдувачки дејности**, кои се дејности или локации кои што вршат снабдување на осигуреникот или на други лица за сметка на осигуреникот со материјали, суровини, полупроизводи, енергија, производи и услуги. Снабдувачките дејности се на почетокот на процесот на производство на осигуреникот. Дејноста на осигуреникот е зависна од добивањето на материјалите или услугите од снабдувачките дејности.
[2] **Кориснички дејности**, кои се дејности или локации кои што се снабдувани од страна на осигуреникот или на други лица за сметка на осигуреникот со материјали, суровини, полупроизводи, енергија, производи и услуги.
Корисничките дејности во процесот на производство на осигуреникот следат после процесите на осигуреникот. Дејноста на осигуреникот е зависна од можноста да корисничките дејности ги прифатат материјалите, суровините, полупроизводите, енергијата, производите и услугите.
[3] Осигураните **,, поврзани дејности,,** мора бидат наведени во полисата за осигурување.

**ОСИГУРАНИ РИЗИЦИ**
**Член 2**

[1] Согласно овие услови за осигурување непредвиден прекин на работа на **,,поврзани дејности,,** е прекин на работа кој е последица на директни имотни штети на **,,поврзаните дејности,,** само од ризиците кои што се опфатени во полисите за имотно осигурување на Осигуреникот. Во случај да причина за непредвиден прекин на работењето на снабдувачките или корисничките дејности е ризик кој не е опфатен со имотното осигурување на осигуреникот, ова осигурување не важи.

**ОБЕМ НА ПОКРИТИЕ**
**Член 3**

[1] Осигурувањето од непредвиден прекин на работењето на поврзани дејности може да биде:
1) Покритие за **изгубена заработка** при непредвиден прекин на работењето на ,,поврзаните дејности,, претрпен во период кој не е подолг од ,,периодот на обновување,,. **За изгубена заработка се смета** само заработката што е остварена со вршење на дејноста на осигуреникот и со приходите поврзани само со таа дејност. **За изгубена заработка не се смета** заработката што е остварена: со промет на денарски средства и долгорочни хартии од вредност, со продажба на

недвижности, од данок на промет и услуги, од приходи врз основа на поправка на финансиски резултат, од разни донации, субвенции, вонредни приходи и слично.
2) Покритие за **зголемени трошоци** на работењето при непредвиден прекин на работењето на ,,поврзаните дејности,, претрпени во период кој не е подолг од **,,периодот на обновување,,**.
Доколку се договори и се плати дополнителна премија за осигурување, за зголемени трошоци се сметаат и трошоците кои имаат фиксен карактер **(фиксни трошоци)** и се јавуваат независно од тоа дали процесот на производство на **,,поврзаните дејности,,** се изведува или не (кирија, плати на запослени, сметки за вода, струја, телефон и слично)
**Обемот на покритието задолжително се наведува во полисата за осигурување.**

**ИСКЛУЧУВАЊА**
**Член 4**

[1] Според овие услови за осигурување исклучени се штетите настанати од непредвиден прекин на работа на **,,поврзаните дејности,,**:
1) Исклучени со клаузулите за исклучување назначени во полисата за осигурување,
2) Директните физички штети,
3) Каде причина за настанување на штетата е ризик кој не е опфатен со имотното осигурување на осигуреникот.

**СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 5**

[1] Сумата на осигурување ја определува осигуреникот на еден од следните начини:
- како заедничка (вкупна) сума на заработката и зголемените трошоци,
- поединечно: сума на заработка и сума на зголемени трошоци.
[2] На било кој начин договорената сума на осигурување преставува максимална обврска на осигурувачот (лимит на покритие) за потполен непредвиден прекин на работењето на ,,**поврзаните дејности**,, и за време на целокупниот договорен ,,**период на обновување**,,.

**ПЕРИОД НА ОБНОВУВАЊЕ**
**Член 6**

[1] Согласно овие услови за осигурување **,,период на обновување,,** на поврзаната дејност го означува периодот кој:
-започнува 72 часа после моментот на настанување на имотната штета на **,,поврзаните дејности,,** предизвикана или е резултат на покриен ризик со осигурувањето на Осигуреникот,
-завршува во моментот кога објектите, машините, постројките на **,,поврзаните дејности,,** се повторно изградени, поправени или заменети со рационална брзина и ист или сличен квалитет.
[2] Кај осигурителното покритие за **зголемени трошоци на работењето, ,,периодот на обновување,,** започнува во моментот на настанување на имотната штета на **,,поврзаните дејности,,** предизвикана или е резултат на покриен ризик со осигурувањето на Осигуреникот.
[3] **,,Периодот на обновување,,** е теоретски период и се дефинира при склучување на осигурувањето и може да биде од 3 месеци до најмногу 12 месеци.

[4] **Периодот на обновување** преставува максимален период во кој се надоместуваат настанатите штети.
Доколку прозводството на **,,поврзаните дејности,,** се рестартира во период подолг од **,,периодот на обновување,,** осигурувањето не го покрива периодот кој го надминува **,,периодот на обновување,,.**
[5] При исплата на штета при непредвиден прекин на работа на **,,поврзаните дејности,,** во извесен период, должината на ,,периодот на обновување,, што е наведен во полисата за осигурување, соодветно се намалува за бројот на денови за кои била исплатена штетата. Ако за време траење на осигурувањето настане повторна штета, осигурувачот е должен за исплата само за неискористениот дел на ,,периодот на обновување,,. Осигурувањето престанува да важи штом осигуреникот го исцрпи целиот договорен ,,период на обновување,, заради еден или повеќе непредвидени прекини на работа за било кои од ,,поврзаните дејности,, наведени во полисата за осигурување.

**НАДОМЕСТ НА ШТЕТИ**
**Член 7**

[1] Со осигурувањето од непредвиден прекин на работењето на поврзани дејности се надоместуваат:
1) **Изгубена заработка** при прекин на производството на осигуреникот поради непредвиден прекин на работењето на **,,поврзаните дејности,,** претрпен во период кој не е подолг од**,,периодот на обновување,,.**
2) Зголемените трошоци на работењето на осигуреникот при непредвиден прекин на работењето на **,,поврзаните дејности,,** претрпени во период кој не е подолг од **,,периодот на обновување,,.**
Зголемени трошоци претставуваат неопходни трошоци кои се јавуваат за време на ,,периодот на обновување,, кои не би се појавиле доколку немало директна физичка штета или загуба на објектите на било која ,,поврзана дејност,, наведена во Полисата за осигурување која е предизвикана или е резултат на покриен ризик (причина за штета):

- да се избегне или да се минимизира прекинот на работа и да се продолжи со дејноста или
- да се минимизира прекинот на работа доколку не може да се продолжи со дејноста.

3) **Надоместот на изгубена заработка или зголемени трошоци** настанати во **,,периодот на обновување,,** не може да ја надминат Сумата на осигурување наведена во полисата за Осигурување.

**ФРАНШИЗА**
**Член 8**

[1] Франшизата преставува временски период, односно е почетниот период од **,,периодот на обновување,,** кој осигуреникот не го осигурал.
[2] Осигуреникот учествува во секоја штета со одбитна франшиза од 7 дена - минимална франшиза, освен ако не е поинаку договорено.
**Франшиза задолжително се наведува во полисата за осигурување.**

**ВАЖНОСТ НА УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 9**

До колку не се во спротивност со овие дополнителни услови, на осигурувањата склучени по овие Услови се применуваат Условите за осигурување од опасност од прекин на работа и Условите за имотните осигурувања според кои е осигуран Осигуреникот.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Надзорниот одбор на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје утврдено со Одлука бр.0203-04/13 од 03.03.2023 година и Одлука на Управниот одбор бр. 0202-45839 од 26.11.2025 година и ќе се применуваат од 01.12.2025 година.